# IMPROVING THE PROCESS OF READING FOR A SUCCESSFUL UNDERSTANDING OF THE READ

**Irena Kitanova**
Faculty of education science, University 'Goce Delcev' Stip, Macedonia,
irena.kitanova@ugd.edu.mk

**Abstract:** The reading problem involves about 25% of primary school students, as well as the number of students who have difficulty in mastering reading, whose number grows year after year. So the question arises: Why do not children read? In essence, the answer would be that they do not want to do what they mean hard and do not understand, which in this case is the combination of letters in syllables and words, the merging of them into sentences, as well as the understanding of the essence of the sentence.

Bearing in mind that reading is the most important skill of the modern man, it is a complex activity that contains several skills that gradually develop. These kinds of skills begin to develop gradually from the moment the child learns to speak. The way parents talk to the child, the joint recitation and reading of the picture books, as well as the pace at which this is happening are part of the things that influence the gradual development of the child and his awareness of the voices and texts.

Modern trends in teaching pointed to the need for new principles, contents, attitudes and behaviors in the teaching process. Modern educational institutions have created conditions in which the student, as an entity in the teaching process, but also its overall development, from secondary and random factors, pass into the main goal of the teacher. This is inevitable, because the student feels the need and ability to change, he constantly demands motivation for his own development, in the complex sense of the word. Similarly, the teaching of Macedonian language is in constant process of modernization and improvement.

**Keywords:** teaching, reading, understanding, models, texts.

# ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ЧИТАЊЕ ЗА ПОУСПЕШНО РАЗБИРАЊЕ НА ПРОЧИТАНОТО

**Ирена Китанова**
Факултет за образовни науки, Универзитет "Гоце Делчев", Штип, Irena.kitanova@ugd.edu.mk

**Апстракт :** Проблемот со читањето опфаќа околу 25% од учениците во основното училиште исто како и бројот на ученици кои имаат потешкотии во совладување на читањето, чиишто број расте од година во година се повеќе. Затоа се поставува прашањето: Зошто децата не читаат? Во суштина одговорот би бил дека не сакаат да го прават она што име тешко и што не го разбираат, што во случајов е спојувањето на букви во слогови и зборови, спојување на истите во реченици, како и сфаќањето на суштината на реченицата.

Имајќи во предвид дека читањето е најбитната вештина на современиот човек, таа е сложена активност која во себе содржи неколку вештини кои постепено се развиваат. Ваквиот вид на вештини започнуваат да се развиваат постепено од моментот кога детето ке научи да зборува. Начинот на кој родителите разговараат со детето, заедничкото прераскажување и читање на сликовници како и темпото со кое се одвива сето ова се дел од работите кои влијаат на постепениот развој на детето и неговото осознавање на гласовите и текстовите.

Современите тенденции во наставата укажаа на потреба од нови принципи, содржини, ставови и однесувања во наставниот процес. Модерните образовни институции создадоа услови во кои ученикот, како субјект во наставниот процес, но и неговиот севкупен развој, од споредни и случајни фактори, преминуваат во главна цел на наставникот. Ова е неминовно, бидејќи ученикот ја чувствува потребата и способноста за промена, постојано бара мотивација за сопствениот развој, во комплексна смисла на зборот. Аналогно на ова, и наставата по македонски јазик е во постојан процес на осовременување и усовршување.

**Клучни зборови**: настава, читање, разбирање, модели, текстови.

Секогаш треба да се има во предвид фактот дека поаѓањето на детето во училиште претставува една од најбитните скалила во животот, заради што во неговата психа се случуваат големи и значајни промени, кои се од големо значење за неговото созревање и формирање на целокупната личност. Токму поради комплексноста на овој процес, на овој проблем му се посветувало посебно внимание уште од времето на античките Грци, па сé до времето на современите методичари.

Читањето е процес чија цел е да се сфати смислата на пишаните зборови, т.е разбирање на мислите искажани преку зборови. Читањето подразбира воспоставување врска помеѓу напишаниот (печатениот) и усниот говор и нивното значење. Усниот и писмениот говор се разликуваат по потеклото, сложеноста и структурата. Усниот говор се јавува во почетокот на втората година од животот, а пишаниот говор помеѓу петтата и осмата година. Во неколку наврати споменавме дека говорот е вродена, таинствена моќ, која секое здраво дете ја совладува до третата година. Пишаниот говор не е вроден. Тој почнува да се учи преку читањето и е поапстрактен од усниот говор, бидејќи во усниот говор детето се служи со искуството, животните ситуации, мимиката, гестовите и другите својства на усниот говор. Во пишаниот говор детето се наоѓа пред бариера од пишани зборови и односите меѓу зборовите, бидејќи зборовите се јавуваат како симболи на гласовите, а со нивна комбинација се симболизираат предметите, суштествата, појавите.

Во суштина процесот на читање кај почетникот и кај извежбаниот читач се разликуваат. Извежбаниот читач има истовремена оптичка претстава на пишаните зборови како нејзини елементи. Тој процес на анализа и синтеза се врши автоматски, па затоа извежбаните читачи не обрнуваат внимание на читањето како појава и процес, туку на смислата на она што го читаат. Кај учениците кои се почетници во читањето, процесот на читање има долг и постапен тек по одредени фази во процесот на читање.

Претходно поменавме дека се доста значајни истражувањата на Вудворт и Павловиќ од експерименталната психологија, во врска со читањето како сложен и комплексен процес. Брзината на читањето со разбирање е најдобар насочувач во напредното читање. Нивните истражувања утврдија дека на општата брзина на читање влијаат следните фактори:




**Графички приказ бр.1. Фактори кои ја одредуваат брзината на читањето**

Резултатите од ова истражување укажуваат дека читањето е во тешка корелација со интелигенцијата, но не и со слушните, внимателните и моторичките способности. Заради ова е неопходно, наставникот да го запознае, покрај нивото на развој на говорот и визуелната перцепција, и општиот интелектуален развој на детето, бидејќи интелигенцијата е еден од најбитните фактори за читањето и учењето воопшто.

Возрасниот период на ученикот, во однос на учење на читањето е хетероген, така да некои деца со учење на читањето можат да започнат и од три години но, интензивното учење на читањето започнува од петата до седмата година. Затоа според Вук Милатовиќ, психолошките основи на читањето можеме да ги набљудуваме во две насоки:

1. Во насока на развојната психологија и прашањето кога детето со оглед на своите способности и зрелоста може да почне со учење на читањето;
2. Во насока на проблемската поврзаност за одредени ментални активности како што се мислењето и говорот;

Современата психологија и методика на македонски јазик настојуваат што подобро да ги запознаат факторите кои влијаат на тоа да еден текст брзо или бавно се чита, да полесно или потешко се разбира.

Училиштето и останатите компетентни институции би морале со помош на наставниците да ги испитуваат различните способности на ученикот кои се битни за учење на читањето. На тој начин ќе се добијат адекватни податоци за оспособување на ученикот во првите одделенија за почетокот на учењето на читањето и пишувањето. Таквата помош може да е разновидна:

А) во соработка со здравствената служба да се испита острината на видот и слухот кај децата.

Б) психологот на училиштето, освен тестовите за интелигенција, треба да направи и тест за литералност (леворакост, десноракост) на децата.

В) наставникот мора да ги испита предзнаењата (писменоста) кај децата кои почнуваат да одат на училиште, што е и пракса кај нашите наставници. Затоа е потребно што подобро да се оспособат и да им се пружи повеќе помош во врска со методите и начините со што полесно и посефикасно би се реализирале насдтавните цели.

Откако се добиени потребните информации, се врши собирање на оние деца на кои им е потребна помош. Со вежби кои одговараат (во соработка со логопед, психолог, педагог и лекар) сите образовни институции треба на диференциран пристап кон овие деца, со цел на што полесен начин, во зависност од своите способности, да остварат оптимален успех во читањето и пишувањето.

## ГОВОРОТ И ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА СОВЛАДУВАЊЕ НА ЧИТАЊЕТО

Говорната развиеност, покрај интелектуалната способност е фактор кој несомнено многу влијае на учење на читањето. Развивање на способноста за учење на читањето, односно факторите кои одредуваат дали овој процес ќе се одвива полесно или потешко, зависи од[36]:

А) богатството на речникот;

Б) должината на реченицата;

В) структурата на реченицата;

А) Голем број на испитувања покажале дека учениците со богат речник побрзо и подобро напредуваат во учењето на читање од учениците со сиромашен речник. Читањето на познати зборови е поефикасно од непознатите. Читањето е полесно кога се читаат познати зборови, бидејќи препознавањето на почетните графеми и нивно преведување во фонеми прави антиципација на следните фонеми, што кај непознатите зборови не е случај. Кај непознатите зборови ученикот кој е почетник во читањето, дешифрирајќи ги графемите по графеми, му се отежнува читањето, бидејќи кај непознатите зборови почетните графеми не водат до антиципација, т. е до формирање претстава однапред. Заради тоа е важно да се води сметка за изборот на речникот во букварите и првите читанки за учениците. Истата потешкотија се појавува и кај поразвиените и побрзи читачи. Непознатиот збор, особено ако е предлог (на пример. Акцептирање, индивидуализација и сл.) го успорува читачот во читањето, а со самото тоа и го отежнува разбирањето и внесеноста во текстот.

Б) На должината на реченицата треба особено да се внимава, бидејќи постои корелација помеѓу должината на реченицата, разбирање на прочитаниот текст и брзината на читањето. Ученикот кој прави поголем простор меѓу слоговите, тешко ја сфаќа долгата реченица, што се реализира непосредно преку брзината и квалитетот на читањето.

В) Структурата на реченицата е многу важна за ефикасно читање. Денес кај нас се проучува развиеноста на синтаксата кај учениците кои поаѓаат во училиште. Синтаксата на реченицата треба да и служи како средство кое ќе го олесни учењето на читањето. На ученикот во почетното читање треба да му се понудат реченици кои се среќаваат во неговиот секојдневен говор (прости, афирмативни) со вообичаен редослед на зборовите. Таквите реченици ќе овозможат поголема антиципација, како кај синтаксичката

---

[36] Cvetanovic, V., (2000): *Osnove kulture govora I retorike*, Beograd, Topi.str. 69.

структура, како што се пасивните или вметнатите реченици. Текстовите на тој начин стануваат преоптеретени и го отежнуваат учењето на читањето.

Говорниот и пишаниот збор се разликуваат. Таа разлика најнапред се согледува во брзината на пренесување на пораката. Брзината на искажување и примање на говорната порака е помала од брзината на читањето. Ефикасноста на изговорената и пишаната реченица се заснова на време. Според некои тврдења, пишаниот збор како средство за пренесување на порака е поевтино од искажаниот збор, доколку се пренесува преку аудиториумот. Говорот и изговорениот збор многу полесно се прилагодливи за обемот на слушателите[37]. Кога станува збор за настава, потребно е да се води сметка за времето, најмногу за ефикасноста на говорната порака и пишаниот збор. Говорот на наставникот е незаменливо наставно средство и затоа е важно наставникот да е добар говорник и голем експерт во својата работа.

Разликата помеѓу усниот и пишаниот збор е во “feedback“ (повратната информација). Фидбекот е потребен кај искажаниот збор, додека кај поголем број од пишаните пораки скоро и да го нема. Затоа пишаниот извор на пораката, по дејство е побавен, помалку ефикасен и помалку делотворен. Во говорот се користат поголем број на кодови и канали (глас, движење, гест, мимика), па затоа говорната порака е помалку формална.

Пишаниот збор има мал број на “канали“ и затоа мора да биде граматички правилен, потполен и нормиран. Во наставата, фидбекот е поголем доколку е зголемен бројот на каналите и кодовите, што е навистина важно, особено во помалите одделенија. Тоа е уште една причина повеќе зошто предност во наставата му се дава на говорот (изговорениот збор). Некои методичари наведуваат дека говорот има предност пред пишаниот збор бидејќи зборот е 74% од нашата секојдневна комуникација и го сочинува говорот, а само 25% се базира на писмениот јазичен израз.

Врз основа на изнесеното, зачудувачки е што толку внимание се посветува на пишаниот збор, а толку малку на говорот и говорниот развој на ученикот.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Бачанов, П. – Андоновска, З. (1992); **Филмот во наставата по македонски јазик**; Скопје, Детска радост.
[2] Бачанов, П. – Андоновска, З.; (1990): **Прилози за наставата по македонски јазик во основното училиште**; Скопје, Детска радост.
[3] Бланшо, М., (1960): **“Есеи“,**Белград, Нолит.
[4] Bognar, L;M.,(2005):**Didaktika**, Zagreb, Skolska Knjiga.
[5] Brajsha, P.,(1994): **Pedagoshka komunikologija**, Zagreb,Shkolske novine
[6] Братаниќ, М.,(1993): **Микропедагогија**, Загреб, Школска књига.
[7] Вилотијевиќ, М.,(2000): **Дидактика 1,2,3,**Београд. Завод за уџбенике и наставна средстава.
[8] Vilotievic, M.(1993), **Organizacija i rukovodjenje shkolom**, Beograd, Nauchna knjiga.
[9] Вучковиќ, М.(1984); **Методика наставе српскохрватског језика**; Београд, Завод за издавање уџбеника и наставна средства.
[10] Gajic, O., (2004): **Problemska nastava knizevnosti u teoriji I praksi**, Novi Sad**.**
[11] Gebl, M.,(2005): **Predstavite sebe**, Beograd , Finesa.
[12] Grandic,R. (2001), **Teorije intelektualnog vaspitanja**, Novi Sad, Savez pedagoshkih drushtava Vojvodine.
[13] Cvetanovic, V., (2000): Osnove kulture govora I retorike, Beograd, Topi.str. 69.
[14] Hewes, D. E., ( 1995):The cognitive bases of interpersonal communication, Lawrence Eribaum Associates. pp.183-222

[37] Hewes, D. E., ( 1995):*The cognitive bases of interpersonal communication,* Lawrence Eribaum Associates. pp.183-222